



# Дневен извештај за финансиските пазари

- Состанок на ЕЦБ
- Состанок на ЦБ на Англија
- Индикатори во Германија и еврозона

**Интервалутни курсеви во 09:30 ч.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3603 | **XAU** | 1244.25 |
| **EURCHF** | 1.2193 | **XAG** | 18.77 |
| **EURAUD** | 1.465 | **Brent** | 109.87 |
| **EURGBP** | 0.8122 | **Copper** | 6835 |
| **EURJPY** | 139.46 | **Nickel** | 18950 |
| **USDJPY** | 102.51 | **Zink** | 2081 |




Доларот апрецираше во однос на јенот по порастот на непроизводните дејности повеќе од предвиденото во мај. Еврото се тргуваше до најниска вредност од февруари. Канадскиот долар депрецираше откога ЦБ на Канада ја зголеми загриженоста дека ниската инфлација ја успорува националаната економија, додека шведската круна апрецираше откако индустриското производство во Шведска се зголеми. Изведената волатилност на еднодневна опција на евродолар се зголеми до 17,5% што е највисоко ниво од 6,7% во текот на вчерашниот ден

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 24,45 млн. На интербанк пазарот се тргуваше во износ од ЕУР 0,04 млн. додека на пазарот на меркет мејкер се тргуваше во износ од ЕУР 2 млн по цена од по цена од 61,72.

**Референтни каматни стапки**

| Валута 5/6 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Libor USD | 0.09000 | 0.12200 | 0.15200 | 0.22950 | 0.32190 | 0.55080 |
| Libor CHF | -0.0120 | -0.0060 | -0.0040 | 0.01200 | 0.06340 | 0.14300 |
| Euribor | 0.142 | 0.224 | 0.241 | 0.301 | 0.386 | 0.472 |
| Skibor | 1,80 | 2,20 | 2,69 | 3,16 | 3,60 | 4,53 |

Свет - Покрај 17-те милијарди евра што Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и ги одобри како помош на Украина, оваа поранешната советска република ќе има на располагање уште 18 милијарди евра од земјите на Групата Г-7, јави дописникот на МИА од Брисел.

Ова е одлучено на синоќешниот состанок на шефовите на држави или влади на Канада, Франција, Германија, Италија, Јапонија, САД и Велика Британија во Брисел, на кој главна тема беше состојбата во Украина.Според соопштението објавено по синоќешниот состанок, земјите од Г-7 се посветени да продолжат да работат со Украина за поддршка на економскиот развој, суверенитетот и територијалниот интегритет.

### Берзи

| Индекси | 5/6/14 | 4/6/14 | 1/1/14 |
|---|---|---|---|
| DAX | 9926.67 | 0.07 | 4.42 |
| Dow Jones | 16737.53 | 0.09 | 0.97 |
| FTSE | 6818.63 | -0.26 | 1.33 |
| Nikkei 225 | 15079.37 | 0.08 | -7.44 |
| Hang Seng | 23129.06 | -0.07 | -0.90 |
| MBI- 10 | 1731.26 | -0.89 | 1.29 |

### 10- годишни државни обврзници

| земја | 10 години цена | принос |
|---|---|---|
| **US** | 99.26563 | 2.5841 |
| **В. Британија** | 96.391 | 2.693 |
| **Канада** | 101.41 | 2.341 |
| **Германија** | 100.739 | 1.42 |
| **Франција** | 103.699 | 1.84 |
| **Италија** | 112.797 | 2.997 |
| **Шпанија** | 107.933 | 2.867 |
| **Грција** | 78.207 | 6.363 |
| **Македонија** | 100 | 5,00 |

Акциите во САД порасная до рекордно ниво поради поголемите од прогнозите индикатори пред ЕЦБ да ја донесе одлуката и месечниот број на нововработени во САД да се објават. Индексот S&P се зголеми 0,2%, индексот Dow Jones се зголеми за 0,1% додека Nasdaq индексот се зголеми за 0,4%. Евроспките акции не се променија значително откако инвеститорите ги оценуваа економските индикатори како проценка во која насока ќе се движи политиката на ЕЦБ.. Stoxx Europe 600 се зголеми за помалку од 0,1%.

Државните обврзници на САД се тргуваа до најниско ниво во изминатите три недели откако индексот за непроизводна активност ISM се зголеми повеќе од прогнозите во мај. Европските државни обврзници ја зголемија вредноста при што приносите на белгиските, француските, италијанските и шпанските обврзници се намалија до рекордно ниско ниво во изминатиот месец поради шпекулациите дека ЕЦБ би можела да воведе неконвенционални мерки на состанокот што треба да се одржи денес, плус намалување на каматните стапки.

### Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на СБ | Продажен принос на СБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29-Oct-13 | Д32013/16а-350 | 15-Oct-14 | 140 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 3-Dec-13 | Д32013/30-182dk | 6-Jun-14 | 1 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 3-Dec-13 | Д32013/29-182 | 6-Jun-14 | 1 | 3,15% | - | 3,20% | 3,00% |
| 25-Feb-14 | Д32014/02-364 | 25-Feb-15 | 272 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | Д32014/05-182 | 29-Oct-14 | 146 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | Д32014/06-182dk | 29-Oct-14 | 146 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | Д32014/06а-350 | 15-Apr-15 | 314 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 6-May-14 | Д32014/08-182dk | 5-Nov-14 | 153 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | Д32014/07-182 | 5-Nov-14 | 153 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | Д32014/07-364 | 6-May-15 | 331 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 20-May-14 | Д32014/09-182 | 19- Nov-14 | 167 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | Д32014/10-182dk | 19- Nov-14 | 167 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | Д32014/08-364 | 21- May-15 | 349 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |

**Поважни економски индикатори за Г7 земјите**

| | | |
|---|---|---|
| 08:00 | DE | Industrial orders |
| 11:00 | EZ | Retail sales |
| 13:00 | GB | BOE bank rate |
| 13:45 | EZ | ECB refinancing rate |
| 13:45 | EZ | ECB deposit rate |
| 14:30 | US | Jobless claims |

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanoska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Коста Шорко тел. 3295- 107; e- mail: kosta.sorko@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци (Блумберг и Ројтерс) кои Банката ги користи, но за кои не гарантира. Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.